UDC: 316.4.063.3:314.151.3-054.73
316.4.063.3:314.151.3-054.73(4-672ЕУ)
DOI: 10.46763/SCGW21190s

# REFUGEE INTEGRATION: A NEW ESSENTIAL CHALLENGE FOR DEVELOPED SOCIETIES

**LL.M Dimitar Spasevski,**
PhD Candidate, "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje,
Faculty of Law "Iustinianus Primus"-Skopje
**E-mail: dimitar-spasevski@outlook.com**

**Abstract**

Each time brings its own challenges and in that context the modern times also brought with them a series of challenges among which one of the most important were the challenges arising from the refugee movements. Among these challenges one of the biggest was the challenge to integrate the refugees into their new societies. Namely the integration of refugees has managed to impose itself as one of the most significant challenges that today a large number of countries face and especially those countries that belong to the developed world. Developed societies are facing with the challenge to create an effective policies that will contribute to the successful integration of the refugee population. Namely the integration of refugees is in fact a very delicate process filled with a series of challenges and it can be said that it is a challenge of the modern times. The increase in the number of refugees worldwide further raises the issue of integration and imposes the need to create new policies that will facilitate the integration of refugees and will enable the refugees to successfully integrate into their new societies. The purpose of this paper is primarily to make a general analysis of the integration of refugees and also to conduct a research of the integration of refugees in the countries of the European Union as one of the most developed societies in the modern world.

***Keywords***: Integration, Refugees

# ИНТЕГРАЦИЈА НА БЕГАЛЦИТЕ: НОВ СУШТИНСКИ ПРЕДИЗВИК ЗА РАЗВИЕНИТЕ ОПШТЕСТВА

**м-р Димитар Спасевски**
докторанд, Универзитет „Св.Кирил и Методиј"-Скопје,
Правен факултет „Јустинијан Први"-Скопје
E-mail: **dimitar-spasevski@outlook.com**

**Апстракт**

Секое време со себе носи и свои предизвици, па во тој контекст и модерните времиња со себе донесоа низа на предизвици меѓу кои едни од најзначајните беа токму предизвиците коишто произлегуваат од бегалските движења. Меѓу овие предизвици еден од најголемите беше токму предизвикот поврзан со интеграцијата на бегалците во нивните нови општества. Имено интеграцијата на бегалците успеа да се наметне

како еден од најзначајните предизвици со коишто денес се соочуваат голем број на држави, а особено оние државите коишто му припаѓаат на развиениот свет. Развиените општества всушност се исправени пред предизвикот да креираат ефикасни политики коишто ќе дадат свој придонес за успешно интегрирање на бегалската популација. Имено интеграцијата на бегалците всушност преставува еден мошне деликатен процес исполнет со низа на предизвици и слободно може да се каже дека истата преставува предизвик на модерното време. Зголемувањето на бројот на бегалците во светски рамки дополнително го актуелизира прашањето на интеграцијата и наметна потреба од креирање на нови политики коишто ќе ја олеснат интеграцијата на бегалците и коишто ќе им овозможат на бегалците успешно да се интегрираат во нивните нови општества. Целта на овој труд е да направи првенствено една општа анализа на интеграцијата на бегалците како и воедно да направи истражување на интеграцијата на бегалците во државите на Европската Унија како едни од најразвиените општества во современиот свет.

***Клучни зборови***: интеграција, бегалци

## ВОВЕД

Еден од круцијалните предизвици којшто се испречува пред државите, а којшто преставува карактеристика на поновата или модерната историја се токму бегалските движења коишто со себе носат мноштво на други предизвици. Меѓу тие предизвици еден од најсуштинските предизвици е токму интеграцијата на бегалци во нивните нови држави или општества. Доколку направиме една подлабинска анализа, за жал ќе увидиме дека денес во светот сè уште има бројни конфликти коишто продуцираат бегалци. Имено како резултат на овие конфликти бројот на бегалци во светски рамки е алармантен и бележи константен пораст, но она што е веројатно уште поалармантно и што паѓа во очи е тоа што тие конфликти траат поприлично долго и на голем дел од нив, за жал сè уште не им се надзира крајот. Токму долгото траење на овие конфликти и немањето изгледи за брза стабилизација и мир во бројните конфликтни региони како што се оние на Блискиот Исток го прават брзото враќање на бегалците во нивната држава на потекло практично невозможно, што пак му дава дополнителна тежина на прашањето за интеграцијата на бегалците и наметнува потрага по решенија коишто ќе овозможат успешна интеграција на бегалците во нивните нови општества, коишто всушност треба да преставуваат едно безбедно засолниште коешто ќе им ја пружи сета неопходна заштитата и коешто ќе им помогне успешно да се интегрираат во нивниот нов дом или општество. Она што е евидентно е тоа дека интеграцијата на бегалците е еден мошне сложен и долготраен процес којшто преставува предизвик дури и за најразвиените држави коишто денес ги познаваме а она што е од исклучителна важност е тоа локалната интеграција да биде успешна. За сето тоа особено значајни се

политиките за интеграција коишто самите државите ги применуваат. Овој труд ќе се обиде да даде една опсервација за тоа што значи самата интеграција како и ќе се занимава со проучување на политиките за интеграција, коишто се применуваат во некои од најразвиените општества како што се државите членки на Европската Унија каде што во изминатите неколку години значителен број на бегалци заминаа и го побараа сопственото засолниште. Примарна цел на овој труд е всушност да открие колку се успешни политиките за интеграција на бегалците коишто ги применуваат државите членки на Европската Унија, односно колку истите придонесуваат за успешно интегрирање на бегалците во нивното ново општество.

## 1. ПОИМНА ОПРЕДЕЛБА

Со оглед на фактот дека основен предмет на овој труд е интеграцијата на лицата коишто спаѓаат во категоријата на бегалци, исклучително е важно првенствено да увидиме што точно се подразбира под оваа категорија или поим. Овој поим всушност е дефиниран со конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година. Имено согласно оваа конвенција поимот бегалец се дефинира на следниот начин:

Бегалец е лице кое поради основаниот страв од прогон поради раса, религија, националност, членство во одредена социјална група или политичко мислење е надвор од државата на неговата националност и не е во можност или поради таквиот страв не е подготвено да ја искористи заштитата на таа држава; или кое е без националност и е надвор од државата на неговото поранешно вообичаено живеалиште, како резултат на вакви настани и не е во можност или поради таков страв не е подготвено да се врати во таа држава.[1]

Воедно во контекст на оваа тема како и во контекст на оваа проблематика, а сѐ со цел да не настане конфузија неопходно е да се направи една јасна дистинкција помеѓу лицата бегалци и економските мигранти, односно мошне е важно експлицитно да се нагласи разликата помеѓу лицата коишто спаѓаат во категоријата на беглаци и лицата коишто преставуваат економски мигранти. За жал во практиката мошне често овие два поприлично различни поими се поистоветуваат и покрај тоа што станува збор за два во голема мера различни поими, односно категории на лица.

Имено економски мигрант е лице кое ја напушта својата земја на потекло чисто поради економски причини, односно тоа е лице коешто ја напушта сопствената држава во обид да обезбеди подобрување на сопствената материјална состојба или во обид да си обезбеди подобра егзистенција. Ова лице ја напушта сопствената држава поради причини коишто не се поврзани на

[1] Конвенција за статусот на бегалците (1951). (1954, април 22).

било кој начин со дефиницијата за бегалец.[2]

Покрај дефинирањето на поимот бегалец и давањето на една јасна дистинкција на поимот бегалец и економски мигрант од исклучителна важност за овој труд е да се даде и една јасна дефиниција за тоа што преставува самата интеграција.

Имено поимот интеграција е еден поим којшто не е сосема лесно и едноставно да се определи или дефинира. Доколку направиме истражување и доколку ги проучиме теоретските аспекти ќе увидиме дека никаде нема да сретнеме една општа и универзално прифатена дефиниција за поимот интеграција.

Имено во меѓународното право всушност не можеме да пронајдеме една формална дефиниција за поимот на интеграција.[3] Меѓутоа, сепак постојат бројни истражувачи и експерти коишто прават обид да го дефинираат овој поим. Таков еден пример е обидот на Доминик Хангартнер и неговите колеги Никлас Хардер, Лусила Фигероа, Рејчел М. Гилум, Дејвид Д. Лаитин и Јенс Хајнмуеллер. Имено Доминик Хангартнер и неговите колеги во својата научна статија посветена на мерките за интеграција дефиницијата на поимот на интеграција ја врзуваат со „можноста или капацитетот да се изгради еден успешен живот во општеството кое што е домаќин."[4]

За да најдобро го разбереме овој поим примарно треба да се фокусираме на неговата структура и функција, односно неопходно е пред сè да разбереме што точно истиот тој опфаќа и кон што е истиот насочен односно која е неговата цел и функција.

Примарната цел на самата интеграција е обезбедување на заштита на бегалците што пак примарно се остварува преку обезбедување на социјални услуги од државата домаќин. Имено фокусот на користените мерки за интеграција на бегалците е насочен кон зголемување на шансите сè за вработување на бегалците како и кон здравствени и социјални услуги.[5] Успешноста на самата интеграција пак всушност во голема мера зависи од изборот на политики на државата којашто е домаќин на бегалците. Она што всушност може да се забележи е тоа дека значителен број од државите во светски рамки прават

[2] Висок комесаријат за бегалци на Обединетите нации - УНХЦР (United Nations High Commissioner for Refugees - UNHCR). (2006, JUNE). UNHCR Master Glossary of Terms. Retrieved from: https://www.refworld.org/docid/42ce7d444.html

[3] Крисп, Ј. (Crisp, J.). (2004). The Local Integration and Local Settlement of Refugees: a conceptual and historical analysis. Working Paper No. 102, New Issues in Refugee Research series. Geneva: UNHCR PDES, Retrieved from: http://www.unhcr.org/407d3b762.html

[4] Хардер, Н. (Harder, N.), Фигероа, Л. (Figueroa, L.), Гилум, Р. (Gillum, R.), Хангартнер, Д. (Hangartner, D.), Лаитин, Д. (Laitin, D.), & Хајнмуеллер, Ј. (Hainmueller, J.). (2018). Multidimensional measure of immigrant integration. Proceedings of the National Academy of Sciences of the United States of America, 115(45), 11483-11488.

[5] Корац, М. (Korac, M.). (2003). Integration and How We Facilitate It: A Comparative Study of the Settlement Experiences of Refugees in Italy and the Netherlands. Sociology, 37(1), 51-68.

сериозни напори за креирање на ефикасни мерки коишто ќе бидат насочени кон полесна интеграција на бегалците во нивните нови општества.[6] „Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации - УНХЦР како резултат на порастот на бројот на бегалци од не-европско потекло започна да размислува и да говори за т.н.. трајни решенија."[7] Тие трајни решенија се: „реинтеграција на бегалците во нивната сопствена татковина по нивно доброволно враќање, интеграција во државата на азил доколку е дозволено населување или интеграција во трета држава преку преселување."[8] Овој труд својот фокус го става токму на второто трајно решение од претходно споменатите решенија односно истиот се фокусира на интеграцијата на бегалците во државата на азил односно каде што им е признаен статусот на бегалец или им е позитивно одговорено на барањето за азил.

„Интеграцијата на бегалците преставува еден сложен и мошне важен процес којшто се одвива постепено и којшто опфаќа различни димензии како што се економската, културната и социјалната."[9] За да добиеме една појасна слика односно за да можеме да го разбереме поимот на интеграција неопходно е да обрнеме посебно внимание и на секоја од овие димензии одделно. Имено неопходно е примарно да осознаеме што опфаќа секоја од овие димензии, односно на што точно се однесува секоја од овие димензии. Економската димензија на пример, односно економскиот аспект на интеграцијата на бегалците е насочен кон обезбедување на економска самостојност на бегалците и истиот опфаќа политики кои се во насока на зголемување на шансите за вработување на бегалската популација и кои имаат за крајна цел постигнување на економска независност на бегалците.

Културната димензија или интеграција опфаќа прифаќање на друга култура, односно на суштинските елементи и практики на таа култура како и истовремено одржување на својата лична култура. Исто така културната интеграција се однесува и на воведување на елементи и практики од сопствената култура во културата на општеството домаќин.[10]

---

[6] Брел, Ц. (Brell, C.), Дастман, Ц. (Dustmann, C.), & Престон, И. (Preston, I.). (2020). The Labor Market Integration of Refugee Migrants in High-Income Countries. The Journal of Economic Perspectives, 34(1), 94-121.

[7] Харел-Бонд, Б. (Harrell-Bond, B.), & Вутира, Е. (Voutira, E.). (1992). Anthropology and the Study of Refugees. Anthropology Today, 8(4), 6-10.

[8] Штајн, Б. (Stein, B.). (1986). Durable Solutions for Developing Country Refugees. The International Migration Review, 20(2), 264-282.

[9] Висок Комесаријат за Бегалци на Обединетите нации - УНХЦР (United Nations High Commissioner for Refugees - UNHCR). (May, 2007). Note on the Integration of Refugees in the European Union. Retrieved from: https://www.refworld.org/pdfid/463b24d52.pdf

[10] Cultural Integration: Definition & Examples. (n.d) Retrieved from: https://study.com/academy/lesson/cultural-integration-definition-examples.html#:~:text=Cultural%20integration%20is%20when%20individuals,culture%20without%20diminishing%20their%20own.&text=Opponents%20see%20it%20as%20a,if%20they%20are%20more%20integrated

Културната интеграција е насочена кон тоа да се поддржат напорите на бегалците за прилагодување на нивното ново општество и култура.[11] Социјалната димензија пак се однесува на степенот на учество во различни социјални односи и активности и истата е повеќе димензионална.[12]

За социјалната интеграција особено е важно првенствено домородното население и неговото прифаќање на новите членови на општеството и второ особено значајно е развивањето на чувството на припадност кај бегалците. Клучни детерминанти за социјалната интеграција на бегалците, всушност претставуваат употребата на јазикот на општеството домаќин, социјалните активности и идентификацијата со општеството домаќин.[13]

Чувството на припадност во новото општество или во државата домаќин во голема мера зависи од економската и социјалната интеграција. Имено економската интеграција е примарно таа којашто придонесува за подобар контакт на бегалците со домородното население што пак создава кај самите бегалци чувство на припадност во општеството. Имено економската интеграција создава едно чувство или перцепција кај бегалците дека истите се прифатени од страна на општеството домаќин.[14] Доколку се појават пречки во економската интеграција се очекува и социјалната интеграција на бегалците да се одвива со забавено темпо.[15]

Исто така големо влијание на самата интеграција имаат и програмите за учење нови вештини како и програмите коишто се насочени кон подобрување на стручните компетенции на бегалците. Овие програми во голема мера го олеснуваат и забрзуваат интегрирањето на пазарот на труд на бегалците.[16] Воедно за процесот на интеграција од суштинско значење е да бидат вклучени

---

11 The Inclusion of Migrants and Refugees: The Role of Cultural Organisations. (2017). Retrieved from: https://ec.europa.eu/programmes/creative-europe/project-result-content/6d5fdb95-53a0-4fe4-9107-19487dbb39c1/Access-Culture-migrants-refugees_low.pdf

12 Холт-Лунстад, Ј. (Holt-Lunstad, J.) & Лефлер, М. (Lefler, M.). (2019, October 30) Social Integration. Retrieved from: https://link.springer.com/referenceworkentry/10.1007%2F978-3-319-69892-2_646-2

13 Лаурентсјева, Н. (Laurentsyeva, N.) & Вентурини, А.( Venturini, A.). (2017). The Social Integration of Immigrants and the Role of Policy – A Literature Review. Intereconomics. 52(5). 285–292. Retrieved from: https://www.intereconomics.eu/contents/year/2017/number/5/article/the-social-integration-of-immigrants-and-the-role-of-policy-a-literature-review.html

14 ДеВрум, Т. (De Vroome, T.), Коендерс, М. (Coenders, M.), Ван Туберген, Ф. (Van Tubergen, F.), & Веркујтен, М. (Verkuyten, M.). (2011). Economic Participation and National Self-Identification of Refugees in the Netherlands. International Migration Review, 45(3), 615-638.

15 Брел, Ц. (Brell, C.), Дастман, Ц. (Dustmann, C.), & Престон, И. (Preston, I.). (2020). The Labor Market Integration of Refugee Migrants in High-Income Countries. The Journal of Economic Perspectives, 34(1), 94-121.

16 Масуд, А. (Masoud, A), Курки, Т. (Kurki, T.), & Брунила, К. (Brunila, K.). (2020). 'Learn Skills and Get Employed'—Constituting the Employable Refugee Subjectivity through Integration Policies and Training Practices. In Brunila K. & Lundahl L. (Eds.), Youth on the Move: Tendencies and Tensions in Youth Policies and Practices (pp. 101-124). Helsinki University Press.

сите клучни чинители во процесот на интеграција, коишто само преку едно заедничко партнерство можат да ја подобрат интеграцијата на бегалците.[17]

Интеграцијата на бегалската популација е еден динамичен и двонасочен процес што изискува напор од сите инволвирани страни во процесот, односно неопходна е подготвеност како од страна на самите бегалци да се прилагодат на општеството коешто е нивен домаќин, така е неопходна и подготвеноста на општество домаќин да ги пречека бегалците и да одговори на нивните потреби.[18]

Суштинската цел на интеграцијата на бегалците е да ја острани нивната зависност, односно истите да се осамостојат на економски и социјален план како и истите да се изедначат со останатите државјани во контекст на политичките перспективи. Пожелно е интеграцијата на бегалците на крајот да се круниса и со нивна натурализација.[19]

Поточно пожелно е целокупниот процес на интеграција да се заокружи со стекнување на државјанство на бегалците од државата, којашто е нивен домаќин. Клучната поента на целиот процес на интеграцијата или крајната цел е да се постигне целосно интегрирање на бегалците во општеството коешто е нивен домаќин и коешто треба да преставува нивен нов дом, како и севкупно изедначување на бегалците со домородното население.

## 2. ИНТЕГРАЦИЈА НА БЕГАЛЦИТЕ ВО ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Кога говориме за интеграцијата на бегалците неминовно е да обрнеме посебно внимание и на државите членки на Европската Унија. Ова се должи пред сѐ на големата Европска бегалска криза од втората деценија на 21 век и зголемениот број на бегалци во државите членки на Унијата.

Имено сѐ уште се свежи сеќавањата на големите напливи на бегалци коишто зачекорија на европското тло и пристигнаа во државите членки на Европската Унија. Изминатата деценија беше период во којшто рекорден број на бегалци пристигнаа во државите членки на Унијата и побараа засолниште во некоја од државите членки на Европската Унија. Најголем дел од овие бегалци доаѓаа од Сирија. „Имено во пикот на бегалската криза во 2015 година дури 1,3 милиони Сиријци поднеле барање за азил во некоја од Европските држави."[20]

[17] Integration of refugees in the labour market: lessons learned and way forward. (n.d) Retrieved from: https://www.esn-eu.org/news/integration-refugees-labour-market-lessons-learned-and-way-forward
[18] Висок Комесаријат за Бегалци на Обединетите нации - УНХЦР (United Nations High Commissioner for Refugees - UNHCR). (2014, July). The Integration of Refugees A Discussion Paper. Retrieved from: https://www.unhcr.org/cy/wp-content/uploads/sites/41/2018/02/integration_discussion_paper_July_2014_EN.pdf
[19] Чангани, Р. (Chhangani, R.). (1995). LOCAL INTEGRATION OF REFUGEES IN NIGERIA. Journal of the Indian Law Institute, 37(4), 476-482.
[20] Рид, К. (Reid, K.). (2021, March 15). Syrian refugee crisis: Facts, FAQs, and how to help. Retrieved from: https://www.worldvision.org/refugees-news-stories/syrian-refugee-crisis-facts

Оваа бројка во најголем дел отпаѓа токму на државите членки на ЕУ. Исто така покрај големиот број на бегалците коишто доаѓаа од Сирија не беше мал бројот и на бегалци од Авганистан и Ирак коишто се упатија кон Европа во обид да побегнат од прогон и војни.[21] Токму овие рекордни бројки се и една од главните причини поради кои една од примарните цели на овој труд е да направи и една анализа на интеграцијата на бегалците во државите членки на Европската Унија, односно на лицата на коишто им е признаен статусот на бегалец или им е одобрено барањето за азил во некоја од државите членки на Унијата во текот на изминатите години.

Од 2014 година па до 2016 година бројката на пристигнати лица коишто имаа потреба од меѓународна заштита забележа пораст што пак ги натера државите да обрнат посебно внимание на процесот на интеграција. Примарните мерки за интеграција акцентот го ставија на учење на јазикот на општеството домаќин како и на вработувањето.[22] Што се однесува пак до политиките за интеграција, коишто ги применуваат државите членки на Европската Унија важно е да се истакне дека тие се разликуваат во голема мера од држава во држава но евидентна е разликата помеѓу северните и јужните држави членки. Државите од северот имаат високо централизирани програми за интеграција коишто се подржани од владите, додека политиките на државите од југот се во насока на обезбедување минимална социјална помош за бегалците.[23]

Интеграцијата на бегалците преставуваше голем предизвик за државите членки на ЕУ. Проблемот поврзан со интеграцијата на бегалците во европските општества ја покрена дебатата за европските вредности како почитувањето на различните култури и религиозни традиции.[24] За жал дел од државите на Унијата како одговор на зголемениот број на бегалци наметнаа дополнителни пречки за интеграција на бегалците во нивните нови општества.[25]

„Примарната одговорност за интеграцијата на бегалците ја имаат самите членки на ЕУ но од друга страна Унијата има улога да им даде поддршка на националните и локалните власти преку размена на знаења како и преку финансиска поддршка и поддршка во координацијата на политиките.”[26] Имено

[21] REFUGEE CRISIS IN EUROPE, (n.d) Retrieved from: https://www.unrefugees.org/emergencies/refugee-crisis-in-europe/

[22] What measures are in place to ensure the long-term integration of migrants and refugees in Europe? (2020, March 31). Retrieved from: https://ec.europa.eu/migrant-integration/feature/what-measures-are-in-place-to-ensure-the-long-term-integration-of-migrants-and-refugees-in-europe

[23] Корац, М. (Korac, M.). (2003). Integration and How We Facilitate It: A Comparative Study of the Settlement Experiences of Refugees in Italy and the Netherlands. Sociology, 37(1), 51-68.

[24] Квин, Е. (Quinn, E.). (2016). The Refugee and Migrant Crisis: Europe’s Challenge. Studies: An Irish Quarterly Review, 105(419), 275-285.

[25] Карера, С. (Carrera, S.) & Ванкова, З. (Vankova, Z.). (n.d). Human rights aspects of immigrant and refugee integration policies A comparative assessment in selected Council of Europe member states. Retrieved from: https://rm.coe.int/168093de2c

[26] Европска Комисија (European Commission) (n.d). Inclusion of migrants and refugees in cities.

уште од 1999 година и воспоставувањето на програмата Тампере Европската Унија обрнува големо внимание на политиките за интеграција.[27]

Во 1997 година со договорот од Амстердам на Европската Унија и беа проверени надлежности во однос на политиките за интеграција. Договорот од Лисабон пак ја утврди правната рамка којашто и даде правна основа на Унијата преку развојната инфраструктура за интеграција да делува на овој план. Овој договорот и овозможи на ЕУ да ја насочи својата техничка и финансиска поддршка кон државите членки.[28]

Оваа поддршка којашто Европската Унија им ја пружа на државите членки беше особено значајна токму во времето на Европската бегалска криза кога огромен број на бегалци беше неопходно да се интегрираат во членките на Унијата. Имено во насока на поткрепа на интеграцијата на бегалците Европската Унија го основаше Фондот за азил, миграција и интеграција.[29] Во 2016 година Европската комисија во својот акциски план за интеграција нотира дека доколку интеграцијата биде неуспешна истото тоа ќе има сериозни негативни последици врз јавните финансии односно врз самите економии и општества.[30] Она што е јасно е дека интеграцијата на бегалците бара пред сѐ, еден заеднички напор на сите нивоа сѐ со цел да се постигне успешна интеграција којашто пак сама по себе има низа придобивки за државата домаќин.[31] Интеграцијата е клучниот фактор во одржувањето на социјалната кохезија. Иако е релативно скап процес истата на среден и на долг рок ќе даде придонес за социјалната кохезија како и за економскиот раст.[32]

Раната интеграција може да даде низа на позитивни ефекти од причина што само раното интегрирање може да даде придонес кон ефикасна интеграција

Retrieved from: https://ec.europa.eu/info/eu-regional-and-urban-development/topics/cities-and-urban-development/priority-themes-eu-cities/inclusion-migrants-and-refugees-cities_en

[27] Висок Комесаријат за Бегалци на Обединетите нации - УНХЦР (United Nations High Commissioner for Refugees - UNHCR). (2013, September). A New Beginning: Refugee Integration in Europe. Retrieved from: https://www.unhcr.org/52403d389.pdf

[28] Хадлстон, Т. (Huddleston, T.). (2010, April). EU support for integration: what about beneficiaries of international protection? A User`s Guide to EU Standards, Funds and Cooperation. Retrieved from: https://www.unhcr.org/hu/wp-content/uploads/sites/21/2016/12/UNHCR-EU_Support_for_Integration-Brochure-screen.pdf

[29] Фоти, К. (Fóti, K.). (2019). The role of the EU in integrating asylum-seekers and refugees: limitations and opportunities. Transfer: European Review of Labour and Research, 25(1), 121–129.

[30] Агенција за Фундаменталните Права на Европската Унија (European Union Agency for Fundamental Rights) (2019). Integration of young refugees in the EU: good practices and challenges. Retrieved from: https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2019-integration-young-refugees_en.pdf

[31] Working Together for Local Integration of Migrants and Refugees. (2018, April 19). Retrieved from: https://reliefweb.int/report/world/working-together-local-integration-migrants-and-refugees

[32] Европски Економски и Социјален Комитет (European Economic and Social Committee) (2016, April 27). Integration of refugees in the EU (exploratory opinion requested by the Dutch presidency). Retrieved from: https://www.eesc.europa.eu/en/our-work/opinions-information-reports/opinions/integration-refugees-eu-exploratory-opinion-requested-dutch-presidency

во европските општества што пак би го намалила притисокот кон јавните финансии и би ја олеснила интеграцијата на бегалците на пазарот на труд во Европската Унија. [33]

Она што всушност на држави членки на ЕУ им е неопходно, е една поприлично јасна стратегија за интеграција што ќе ги опфати сите аспекти на интеграцијата. Она што е од суштинска важност е тоа самиот пристап да биде насочен кон тоа да одговори на индивидуалните потреби на лицата бегалци, коишто можат да бидат од релативно различна и специфична природа.[34] Имено потребни се иновативни политики за интеграција односно политики коишто ќе бидат во согласност со индивидуалните потреби на бегалците и коишто во исто време ќе одговараат на социјалните и економските услови на државите. Со други зборови неопходна е стратегија којашто ќе понуди нови инвентивни решенија што ќе допринесат за успешна локална интеграција.[35]

Во контекст на мерките за интеграција важно е да се истакне дека и покрај зголемениот обем на финансии коишто ЕУ ги намени за интеграцијата на бегалците во изминатата деценија како резултат на Европската бегалска криза од претходната деценија потребен е еден повеќе холистички пристап за финансирање на мерки за интеграција коишто ќе бидат ефикасни. Исто така е потребно да се посвети и поголемо внимание на долгорочните мерки за интеграција.[36]

Големата европска бегалска криза од изминатата деценија всушност покажа колку ранливи можат да бидат европските општества односно членките на ЕУ. Истата таа криза го вклучи алармот за важноста на континуираното подобрување на политиките и мерките за интеграција на бегалците сè со цел да се постигне една успешна интеграција на бегалската популација. Клучот на стабилноста и просперитетот лежи токму во соодветното адресирање на прашањата поврзани со интеграција којашто успеа да се наметне како еден од најсуштинските предизвици во поновата европска историја.

---

[33] Меѓународна Организација на Трудот (International Labor Organization). (n.d). Refugees' integration in the EU labour markets: seizing the opportunities - tackling the challenges. Retrieved from: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---ilo-brussels/documents/genericdocument/wcms_429075.pdf

[34] EUROPE'S REFUGEES: REFOCUSING ON INTEGRATION. (2018, May). Retrieved from: https://www.mckinsey.com/~/media/mckinsey/featured%20insights/europe/europes%20refugees%20refocusing%20on%20integration/mgi-europes-refugees-refocusing-on-integration-may-2018.pdf

[35] Сох, Ц. (Soh, C.), Ким, М. (Kim, M.), & Ју, Ј. (Yu, Y.). (2017). The Emergence of New Resettlement Countries: A Human Rights Norm Cascade? Journal of International and Area Studies, 24(1), 105-124.

[36] Фоти, К. (Fóti, K.). (2019). The role of the EU in integrating asylum-seekers and refugees: limitations and opportunities. Transfer: European Review of Labour and Research, 25(1), 121–129.

## ЗАКЛУЧОК

Она што можеме да го извлечеме како еден општ и генерален заклучок е тоа дека интеграцијата на бегалците е еден навистина комплициран процес којшто во својата срж опфаќа една цела низа на различни аспекти или димензии. Експертите коишто се занимаваат со оваа проблематика всушност истакнуваат дека за самата интеграција на бегалците од клучно значење или суштинска важност се политиките коишто самите држави ги преземаат, а коишто се насочени кон тоа да ги интегрираат бегалците во општеството. Овие политики всушност се насочени кон тоа да ја олеснат економската, социјалната, културната или пошироко севкупната интеграција на бегалците во нивниот нов дом. За добрите познавачи на проблематиката поврзана со бегалците и интеграцијата од суштинска важност е пред сѐ економската интеграција на самите бегалци. Имено стручњаците истакнуваат дека економското интегрирање е всушност првиот иницијален чекор кон создавање на чувство на припадност во заедницата или кон успешно интегрирање. Во таа насока клучен фокус на политиките за интеграција е ставен токму на вработувањето коешто треба да им помогне на бегалците економски да се осамостојат а со тоа и полесно да се интегрираат во општеството. Исто така не помалку важна е и социјалната димензија на интеграцијата. Имено според добрите познавачи на проблематиката од круцијална важност за успешна социјална интеграција е всушност познавањето на јазикот на општеството коешто е домаќин што пак исто така има силно влијание и на самата економска интеграција од причина што истиот влијае на шансите за вработување на самите бегалци. Од тие причини клучен акцент се става и на изучувањето на јазикот на државата којашто преставува нов дом на бегалците. Всушност сите димензии на интеграцијата се меѓусебно испреплетени како и подеднакво важни. Сите овие димензии коишто се составен дел на интеграцијата мора да бидат задоволени од причина што сите играат исклучително важна улога и сите заеднички го трасираат патот кон една успешна интеграција на бегалците во државата којашто треба да преставува нивниот нов дом. Интеграцијата во изминатите години преставуваше и сѐ уште преставува еден од суштинските и најголемите предизвици со коишто се соочиле државите членки на Европската Унија. Она што е евидентно според експертите коишто се занимаваат со оваа проблематика е тоа дека на државите членки на Унијата им е потребена еден општа стратегија за интеграцијата на бегалците како и политики коишто за свој императив ќе ги имаат индивидуалните потреби на секој бегалец. Влијателните сојузи сочинети од едни од најразвиените држави во светот како што е Европската Унија се токму оние коишто имаат капацитет и можност да направат големи промени на начин што преку својот личен пример ќе изградат пат којшто ќе го следи и остатокот од светот. Државите членки на Европската Унија всушност треба постојано да бидат фокусирани

на подобрување на целокупната заштита на бегалците како и на олеснување на нивната интеграција во нивните општества, а со тоа и да постават еден добар пример по којшто и останатите држави во светот ќе се раководат.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


### КНИГИ

1. Масуд, А. (Masoud, A), Курки, Т. (Kurki, T.), & Брунила, К. (Brunila, K.). (2020). 'Learn Skills and Get Employed'—Constituting the Employable Refugee Subjectivity through Integration Policies and Training Practices. In Brunila K. & Lundahl L. (Eds.), Youth on the Move: Tendencies and Tensions in Youth Policies and Practices. Helsinki University Press.

### СТАТИИ

1. Брел, Ц. (Brell, C.), Дастман, Ц. (Dustmann, C.), & Престон, И. (Preston, I.). (2020). The Labor Market Integration of Refugee Migrants in High-Income Countries. The Journal of Economic Perspectives, 34(1).
2. ДеВрум, Т. (De Vroome, T.), Коендерс, М. (Coenders, M.), Ван Туберген, Ф. (Van Tubergen, F.), & Веркујтен, М. (Verkuyten, M.). (2011). Economic Participation and National Self-Identification of Refugees in the Netherlands. International Migration Review, 45(3).
3. Квин, Е. (Quinn, E.). (2016). The Refugee and Migrant Crisis: Europe's Challenge. Studies: An Irish Quarterly Review, 105(419).
4. Корац, М. (Korac, M.). (2003). Integration and How We Facilitate It: A Comparative Study of the Settlement Experiences of Refugees in Italy and the Netherlands. Sociology, 37(1).
5. Крисп, Ј. (Crisp, J.). (2004). The Local Integration and Local Settlement of Refugees: a conceptual and historical analysis. Working Paper No. 102, New Issues in Refugee Research series. Geneva: UNHCR PDES.
6. Лаурентсјева, Н. (Laurentsyeva, N.) & Вентурини, А.( Venturini, A.). (2017). The Social Integration of Immigrants and the Role of Policy – A Literature Review. Intereconomics, 52(5).
7. Сох, Ц. (Soh, C.), Ким, М. (Kim, M.), & Ју, Ј. (Yu, Y.). (2017). The Emergence of New Resettlement Countries: A Human Rights Norm Cascade? Journal of International and Area Studies, 24(1).
8. Фоти, К. (Fóti, K.). (2019). The role of the EU in integrating asylum-seekers and refugees: limitations and opportunities. Transfer: European Review of Labour and Research, 25(1).
9. Хардер, Н. (Harder, N.), Фигероа, Л. (Figueroa, L.), Гилум, Р. (Gillum, R.), Хангартнер, Д. (Hangartner, D.), Лаитин, Д. (Laitin, D.), & Хајнмуеллер, Ј. (Hainmueller, J.). (2018). Multidimensional measure of immigrant

integration. Proceedings of the National Academy of Sciences of the United States of America, 115(45).
10. Харел-Бонд, Б. (Harrell-Bond, B.), & Вутира, Е. (Voutira, E.). (1992). Anthropology and the Study of Refugees. Anthropology Today, 8(4).
11. Чангани, Р. (Chhangani, R.). (1995). LOCAL INTEGRATION OF REFUGEES IN NIGERIA. Journal of the Indian Law Institute, 37(4).
12. Штајн, Б. (Stein, B.). (1986). Durable Solutions for Developing Country Refugees. The International Migration Review, 20(2).

**МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ**

1. Конвенција за статусот на бегалците. (1951). (1954, април 22).

**ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ**

1. Cultural Integration: Definition & Examples. (n.d) Retrieved from: https://study.com/academy/lesson/cultural-integration-definition-examples.html#:~:text=Cultural%20integration%20is%20when%20individuals,culture%20without%20diminishing%20their%20own.&text=Opponents%20see%20it%20as%20a,if%20they%20are%20more%20integrated
2. EUROPE'S REFUGEES: REFOCUSING ON INTEGRATION. (2018, May). Retrieved from: https://www.mckinsey.com/~/media/mckinsey/featured%20insights/europe/europes%20refugees%20refocusing%20on%20integration/mgi-europes-refugees-refocusing-on-integration-may-2018.pdf
3. Integration of refugees in the labour market: lessons learned and way forward. (n.d) Retrieved from: https://www.esn-eu.org/news/integration-refugees-labour-market-lessons-learned-and-way-forward
4. REFUGEE CRISIS IN EUROPE, (n.d) Retrieved from: https://www.unrefugees.org/emergencies/refugee-crisis-in-europe/
5. The Inclusion of Migrants and Refugees: The Role of Cultural Organisations. (2017). Retrieved from: https://ec.europa.eu/programmes/creative-europe/project-result-content/6d5fdb95-53a0-4fe4-9107-19487dbb39c1/Access-Culture-migrants-refugees_low.pdf
6. What measures are in place to ensure the long-term integration of migrants and refugees in Europe? (2020, March 31). Retrieved from: https://ec.europa.eu/migrant-integration/feature/what-measures-are-in-place-to-ensure-the-long-term-integration-of-migrants-and-refugees-in-europe
7. Working Together for Local Integration of Migrants and Refugees. (2018, April 19). Retrieved from: https://reliefweb.int/report/world/working-together-local-integration-migrants-and-refugees
8. Агенција за Фундаменталните Права на Европската Унија (European Union Agency for Fundamental Rights). (2019). Integration of young refugees in the

EU: good practices and challenges. Retrieved from: https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2019-integration-young-refugees_en.pdf
9. Висок Комесаријат за Бегалци на Обединетите нации - УНХЦР (United Nations High Commissioner for Refugees - UNHCR). (2006, JUNE). UNHCR Master Glossary of Terms. Retrieved from: https://www.refworld.org/docid/42ce7d444.html
10. Висок Комесаријат за Бегалци на Обединетите нации - УНХЦР (United Nations High Commissioner for Refugees - UNHCR). (May, 2007). Note on the Integration of Refugees in the European Union. Retrieved from: https://www.refworld.org/pdfid/463b24d52.pdf
11. Висок Комесаријат за Бегалци на Обединетите нации - УНХЦР (United Nations High Commissioner for Refugees - UNHCR). (2014, July). The Integration of Refugees A Discussion Paper. Retrieved from: https://www.unhcr.org/cy/wp-content/uploads/sites/41/2018/02/integration_discussion_paper_July_2014_EN.pdf
12. Висок Комесаријат за Бегалци на Обединетите нации - УНХЦР (United Nations High Commissioner for Refugees - UNHCR). (2013, September). A New Beginning: Refugee Integration in Europe. Retrieved from: https://www.unhcr.org/52403d389.pdf
13. Европска Комисија (European Commission) (n.d). Inclusion of migrants and refugees in cities. Retrieved from: https://ec.europa.eu/info/eu-regional-and-urban-development/topics/cities-and-urban-development/priority-themes-eu-cities/inclusion-migrants-and-refugees-cities_en
14. Европски Економски и Социјален Комитет (European Economic and Social Committee). (2016, April 27). Integration of refugees in the EU (exploratory opinion requested by the Dutch presidency). Retrieved from: https://www.eesc.europa.eu/en/our-work/opinions-information-reports/opinions/integration-refugees-eu-exploratory-opinion-requested-dutch-presidency
15. Карера, С. (Carrera, S.) & Ванкова, З. (Vankova, Z.). (n.d). Human rights aspects of immigrant and refugee integration policies A comparative assessment in selected Council of Europe member states. Retrieved from: https://rm.coe.int/168093de2c
16. Меѓународна Организација на Трудот (International Labor Organization). (n.d). Refugees' integration in the EU labour markets: seizing the opportunities - tackling the challenges. Retrieved from: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---ilo-brussels/documents/genericdocument/wcms_429075.pdf
17. Рид, К. (Reid, K.). (2021, March 15). Syrian refugee crisis: Facts, FAQs, and how to help. Retrieved from: https://www.worldvision.org/refugees-news-stories/syrian-refugee-crisis-facts

18. Хадлстон, Т. (Huddleston, T.). (2010, April). EU support for integration: what about beneficiaries of international protection? A User`s Guide to EU Standards, Funds and Cooperation. Retrieved from: https://www.unhcr.org/hu/wp-content/uploads/sites/21/2016/12/UNHCR-EU_Support_for_Integration-Brochure-screen.pdf
19. Холт-Лунстад, J. (Holt-Lunstad, J.) & Лефлер, M. (Lefler, M.). (2019, October 30) Social Integration. Retrieved from: https://link.springer.com/referencework entry/10.1007%2F978-3-319-69892-2_646-2